ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-2481/19
Дата, Data 13-05-2026
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 21 од Законот за работни односи, член 37-м од Законот за јавни претпријатија, член 19 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавните услуги и член 31 став 1 точка 9 од Статутот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, а врз основа на Јавнот оглас бр.4/2026 година за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Водовод и канализација – Скопје на неопределено време објавен во дневните весници Вечер, Коха и Нова Македонија, в.д директорот на претпријатието донесе

# ОДЛУКА
за избор на кандидат за склучување
Договор за вработување на неопределено време

## Член 1

Од пријавените кандидати по Јавниот оглас објавен во дневните весници Вечер, Коха и Нова Македонија на ден 09.04.2026 година, за засновање на работен однос на 1 (еден) извршител на работно место Самостоен инженер КДР0305Б01051 во Одделение за имплементација на проектот за изградба на ПСОВ во Сектор Третман на отпадни води – 1 (еден) извршител, се избра кандидатот:

1. **Биљана Камчевска**

## Член 2

Изборот меѓу пријавените кандидати е извршен во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Водовод и канализација – Скопје, Записникот од спроведената административна селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати арх. Бр.0401-2481/11 од 07.05.2026 година, и Записникот од извршената селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати арх.бр.0401-2481/15 од 08.05.2026 година, по Јавен оглас бр.4/2026 за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Водовод и канализација - Скопје на неопределено време.

**Член 3**

Избраниот кандидат ќе заснова работен однос по конечноста на оваа одлука со потпишување на Договор за вработување помеѓу работникот и работодавачот.

**Член 4**

Одлуката за избор да се достави до кандидатот и да се објави на интернет страницата и на огласна табла на претпријатието.

**Член 5**

За спроведување на одлуката се задолжува Сектор Човечки ресурси.

О б р а з л о ж е н и е

Со одлуката арх.бр.0401-2481/1 од 01.04.2026 година донесена од в.д директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје распишан е Јавен оглас бр.4/2026 за прием на даватели на јавна услуга на неопределено време за работно место Самостоен инженер КДР0305Б01051 во Одделение за имплементација на проектот за изградба на ПСОВ во Сектор Третман на отпадни води.
Јавниот оглас бр.4/2026 беше објавен на ден 09.04.2026 година во дневните весници Вечер, Коха и Нова Македонија.
Комисијата за селекција на кандидати по јавниот оглас бр.4/2026 за вработување на даватели на јавна услуга на неопределено време на ден 07.05.2026 година изврши административна селекција на документите од кандидатите кои аплицирале при што констатира дека на јавниот оглас бр.4/2026 за вработување на даватели на јавна услуга за работното место место Самостоен инженер КДР0305Б01051 во Одделение за имплементација на проектот за изградба на ПСОВ во Сектор Третман на отпадни води, се пријавиле вкупно 2 (два) кандидати.

Комисијата од кога ги разгледа документите од кандидатот Биљана Камчевска и Самет Зекири кои аплицирале, ја изврши административната селекција и утврди дека апликацијата бр.0401-2481/5 од 21.04.2026 и бр.0401-2481/3 од 15.04.2026 се уредни.
По спроведено интервју со кандидатот Биљана Камчевска и Самет Зекири кои ги исполнува условите предвидени со јавниот оглас, комисијата за селекција на кандидатот изготви Записник арх.бр.0401-2481/15 од 08.05.2026 година со конечна ранг листа со име и презиме на кандидатот со освоени вкупно бодови од сите фази на селекција и му предложи на в.д директорот, согласно член 21 од Законот за работни односи, член 37-м од Законот за јавни претпријатија и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за

унапредување, начинот на однесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавните услуги, а врз основа на Јавниот оглас бр.4/2026 за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејност и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од група III и подгрупа 5 во ЈП Водовод и канализација -Скопје на неопределено време објавен на ден 09.04.2026 година во дневните весници Вечер, Коха и Нова Македонија, да донесе одлука со која за склучување договор за вработување за работно место Самостоен инженер КДР0305Б01051 во Одделение за имплементација на проектот за изградба на ПСОВ во Сектор Третман на отпадни води, ќе се избере кандидатот:

1. Биљана Камчевска

Врз основа на горенаведеното, се донесе одлука како во депозитивот.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација- Скопје, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.

ДОСТАВЕНО ДО
- Кандидатот
- Сектор човечки ресурси x 2
- Архива на директор
- Архива

ЈП Водовод и канализација -Скопје
в.д Директор,
м-р Иван Митровски